СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Информативен билтен

**СЗПМ**

Специјално издание

# XIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ

# СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ 2014



ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

комерцијална банка ад скопје





**КОМПЛЕКС ”ТЕТЕКС“ - ТЕТОВО**

**6 СЕПТЕМВРИ 2014**







## Содржина

УШТЕ ЕДНА УСПЕШНА СПОРТСКА ПЕНЗИОНЕРСКА ОЛИМПИЈАДА........................3

ПРАЗНИК И ГОРДОСТ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ И ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ...............8

ПРЕГЛЕД НА МЕСТАТА И ГОДИНИТЕ НА ОДРЖАНИТЕ РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ......................................................10

ПРОГРАМА НА НАТПРЕВАРИТЕ......................11

НАТПРЕВАРИ ВО 11 ДИСЦИПЛИНИ.................12

ОХРИЃАНИ ПАК ПОБЕДНИЦИ...........................27

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И ТАБЕЛИ............29

РЕГИОНАЛНИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ........37

1714 НАТПРЕВАРУВАЧИ НА РЕГИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ НАТПРЕВАРИ........................41




**Издавач:** Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
**За издавачот:** Методија Тошевски
**Билтенот го подготвија:** Калина С. Андонова, Мендо Димовски и Здравко Петковски
**Фото:** Мендо Димовски, Трио Маркетинг – Скопје, Петар Андреевски и Илија Глигоров
**Ликовно-графичко обликување:** Томе Ангеловски
**Печати:** РИ Графика – Скопје
**Тираж:** 800 примероци

# Уште една успешна Спортска Пензионерска Олимпијада

На 6–ти септември 2014 година се одржаа 19–тите Републички пензионерски спортски натпреври по повод 23 години независна и самостојна Република Македонија и 20 –ти септември, Денот на пензионерите на Македонија.

19–тите Републички пензионерски спортски натпреври од две причини претставуваат вистинска Спортска Пензионерска Олимпијада. Првата причина е големата масовност. Во изминатите години бројот на учесници и здруженија кои се натпреваруваат постојано расте. Оваа година, на 8–те регионални натпревари учествуваа 1.714 пензионери и 47 здруженија, за разлика од Првите републички пензионерски спортски натпревари кои се одржаа во Охрид на 28 август 1996 година и на кои учествувале само 12 здруженија. Втората причина зошто го носи називот Олимпијада е затоа што на овие натпревари се постигнуваат солидни спортски резултати иако натпреварувачите се во поодминати години, во третото животно доба.



Годинава 19–тите Републички пензионерски спортски натпреври се одржаа во мултиетничко Тетово, сместено под падините на Шара, град познат по вековните традиции и празнувања во кои добрососедските односи секогаш биле во прв план, без разлика кој од која вера или нација е, град во кој се сочувале обичаите и традициите и на муслиманите и на христијаните, во кој не ретко се слушаат музика и песни и македонски и албански, и турски, и српски..., благодарение на сите кои живеат во Тетово, а се разбира големо удел во сето тоа имаат најстарите жители – пензионерите.

На 6–ти септември пензионери од многу краеви на Република Македонија дојдоа во Тетово за да си ги одмерат силите и можностите на спортски план, свесни дека спортувањето и физичката активност го подобрува здравјето, но и духот. Дојдоа, на најголемата пензионерска спортска манифестација да го покажат сето она што со месеци го подготвувале.

Во Тетово настапија 400 пензионери, најдобрите од осумте регионални пензионерски спортски натпревари, пред над илјада нивни другари и пријатели од цела Македонија.

На 19–тите Републички пензионерски спортски натпреври во Тетово пензионерите се натпреваруваа, но и другаруваа. Му се радуваа на секој поен, на секој резултат, на секое ново пријателство...

И оваа година 19–тите Републички спортски пензионерски натпревари ги организираше Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, под покровителство на министерот за труд и социјална политика Диме Спасов и Комерцијална банка АД Скопје, а домаќин беше едно од најактивните здруженија, членка на Сојузот, Здружението на пензионери од Тетово, кое осумпати во изминатите години постигнувало најдобри резултати.

Пред да започнат официјално натпреварите, присутните ги поздрави претседателот на Собранието на ЗП Тетово **Гојко Ефтоски** на македонски и **Шабан Азизи** претседател на ИО на здружението на албански јазик. Во име на општината и градоначалничката на Тетово, Теута Арифи, како и во свое име, пензионерите ги поздрави **Ахмет Ќазими**, раководител на секторот за јавни дејности при општината. Потоа на присутните им се обратија пртседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија **Драги Аргировски** и министерот за труд и социјална политика при Владата на Р. Македонија **Диме Спасов**, кои покрај убавите пораки и констатации за соработката на Владата и Сојузот, им ги честитаа претстојните празници на сите пензионери и заедно ги прогласија натпреварите за отворени.

Откако ги слушнаа сите обраќања кои беа пропратени со аплаузи, пензионерите – натпреварувачи се упатија по терените и локациите каде се одвиваа натпреварите. Пензионерите се натпреваруваа давајќи се од себе за да постигнат што подобри резултати за своето здружение, но и за себе лично!

На крајот како и секогаш победија најдобрите и најподготвените.

И оваа година, по четврти пат во низа победија натпреварувачите од ЗП Охрид и Дебрца. Во нивните раце и овој пат се најде сјајниот пехар, чиј сјај беше зголемен од насмевките и радоста на победниците. Втори беа Кумановци, трети Прилепчани и четврти домаќините, пензионерите натпреварувачи од ЗП Тетово.

Крајот на спортската Олимпијада 2014 во Тетово беше одбележан со македоски, албански и српски песни и ора, а ги пееја и играа сите заедно носејќи убави спомени од 19–тите Републички пензионерски спортски натпревари.

23 години 8 септември Република Македонија Ден на независноста на Република Македонија

СЗПМ 68 години Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

# Обраќање



## Драги Аргировски,
### претседател на Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

Почитувани учесници на 19–тите републички пензиоинерски спортски натпреави кои што за прв пат во дведеценискaта историја на пензионерската Олимпијада ги одржуваме во градот под Шара, во Тетово.

Драги гости, пријатели на пензионерската популација, дозволете ми најпрвин во името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и во мое лично име на минстерот за труд и социјална политика Диме Спасов искрено да му го честитам повторниот избор на оваа многу значајна функција и да се заблагодарам за прифаќањето да биде покровител и свечено да ја прогласи за отворена оваа наша најголема пензионерска спортска манифестација.

И во оваа свечена пригода, не може, а да не се истакне дека со министерот Спасов, а со тоа и со Владата на Република Македонија, имаме многу успешна соработка во интерес на сите пензионери во нашата држава.

Оваа најголема спортска пензионерска манифестација во нашата земја ја одржуваме по повод 8–ми септември Денот на независноста на Република Македонија и 20–ти септември Денот на пензионерите на Македонија. Пензионерите со посебен пиетет и восхит ја дочекуваат 23 годишнината од осамостојувањето на државата, а со нова светлина ја одбележуваат и 68 годишнината од зародишот на пензиомнерското организаирање во нашата земја.

Во изминатите години СЗПМ, како најмасовна невладина, неполитичка, мултиетничка асоцоијација значително придонесе многубројното членство, благовремено и точно да биде информирано, да ги афирмира своите проблеми и постигања, а со тоа да ја анимира јавноста и државата за заштита и унапредување на правата од пензиското и здравственото осигурување, за подобрување на стандардот, за создавање на услови за активно и достоинствено стареење. Со своите активности и резултати, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија прерасна во почитувана граѓанска организација, позната кај нзас, но и во Европа.

На тој факт укажува и оваа пензионерска олимпијада на која преку селективност на натпреварите во здруженијата и на осумтте регионални игри, за учество се изборија рекордни 400 натпреварувачи, од исто така рекорден број на 47 здруженија на пензионери. Секако, и во овие дождливи услови, со сигурност може да се очекуваат нови добри резултати, а посебно на полето на меѓусебното дружење, на ширењето на пријателствата и соживотот што е наш императив и еден од главните цели и приоритети.



Пензионерската спортска олимпијда не е само натпревар и покажување на психо физичките можности на припадниците на третото доба. Таа е празник и гордост за секој учесник, но и за сите пензионери.

На сите вас, на сите пензионери им ги честитам престојните празници, а на натпреварувачите им посакувам добри резултати.

# Свечено обраќање



## Диме Спасов,
### министер за труд и социјална политика

Почитуван претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија,

почитувани пензионери, почитувани гости!

Пензионерите се мудрост и искуство. Вие сте градители на Република Македонија и чувари на вистинските вредности! Затоа со огромна почит се обраќам на отворањето на 19-тите Републички пензионерски спортски натпревари во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Вашиот Сојуз во текот на своето постоење се разви во една од најбројните организации во земјата која достоинствено ги промовира, но и ги застапува правата и интересите на пензионерите и го поттикнува нивното интегрирање во социјалниот живот и севкупните општествени текови. Со активностите кои континуирано ги реализира и во кои ги вклучува своите членови преку организирање на различни настани од социјален, културен и спортски карактер, Сојузот е жив организам каде пензионерот го добива заслуженото место и внимание.

Организирањето на денешната манифестација по 19-ти пат, покрај тоа што овозможува дружење и рекреација на пензионерите, значи и можност повеќе за споделување на искуства.

Оттука, со посебно задоволство Министерството за труд и социјална политика е покровител на Републичките пензионерски спортски натпревари и секогаш во рамките на можностите ќе поддржува реализација на настани и програми кои се однесуваат на пензионерите и нивните интереси.

Би сакал да истакнам дека пензионерите се значајна алка во социјалниот живот, бидејќи располагаат со искуства и знаење и се директно заслужни за развојот на нашата држава. За мене како ресорен министер, соработката на државните институции со невладиниот сектор е клучен фактор во развојот на една демократска држава како што е Република Македонија, а особено кога се работи за социјалните права и интереси. Во тој правец сакам да потврдам дека приоритет на Владата и на Министерството за труд и социјална политика е обезбедување достоинствен живот на старите лица и пензионерите.

Почитувани,

Економската криза во Европа имаше влијание и врз социјалното осигурување, особено врз пензиите и нивната исплата во огромен број на држави. Некои држави преземаа рестриктивни мерки во пензиското осигурување кое придонесе намалување на правата или „замрзнување" на висината на пензијата за неколку години. Но, за разлика од другите држави, во Република Македонија пензиите се исплатуваат редовно и се врши усогласување и континуирано зголемување. Почнувајќи од 2006 година до сега просечната пензија се зголеми за 62%, а најниската пензија од 2006 година до сега се зголеми за 76%.



Исплатата на пензиите, континуирано и постојано се врши во првата седмица од месецот, што значи дека она што го ветивме го оствaруваме постојано.

Во 2014 година се изврши усогласување на пензиите за 5%, односно од март 2014 година со исплатата на февруарската пензија секој пензионер доби дополнително усогласување на пензијата од 600,00 денари. Во Управниот одбор на Фондот на ПИОМ има претставник од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Преку учеството во управниот одбор Сојузот е дел од процесот на управување со работата на Фондот на ПИОМ.

Во рамките на програмските активности за обезбедување социјална заштита и социјална сигурност на старите лица и во 2014 година се реализира Проектот „Бањско–климатска рекреација на корисници на пензија. Потребата од продолжување на проектот произлегува и од интересот којшто корисниците на пензија го изразија со користење на услугите минатите четири години на истиот. Проектот продолжува



со негова реализација во наредниот период, при што годинава ќе бидат опфатени 5500 пензионери и со тоа од почетокот на проектот во 2010 година, заклучно со оваа година оваа бесплатна услуга ќе ја искористат над 27 600 пензионери.

Од следната година започнуваме со спроведување на новиот проект „Бесплатен туристички викенд на корисници на пензија". Со овој проект ќе се овозможи рекреација на корисниците на пензија и нивен квалитетен социјалн живот, а истовремено ќе се развива туризмот. Преку овој проект ќе бидат опфатени до 3000 корисници на пензија.

Водиме постојана грижа за повозрасните лица со цел да има поголема исполнетост на нивното слободното време и поголема нивна независност во секојдневното живеење. Поаѓајќи од потребата за оформување дневни центри за старите лица во местото на живеење, развиваме мрежа од дневни центри како социјални сервисни служби за стари лица. Во 2014 година отворивме три дневни центри, но и понатаму планираме да продолжиме со истиот интензитет. Со овој проект имаме за цел да ја подобриме социјализацијата на повозрасните лица преку нивна секојдневна комуникација и дружење.

Воведовме низа поволности за отворање на приватни старски домови при што интересот за инвестирање е се поголем и се отвораат се повеќе вакви установи. Исто така, заедно со Министерството за здравство го започнавме проектот за домашна грижа на стари лица, за оние кои што се во потешка здравствена положба.

Покрај другото, Владата во соработка со градот Скопје овозможи бесплатен превоз во градскиот јавен сообраќај во Скопје во вторник, петок, сабота и недела.

Исто така го стартувавме проектот за бесплатен викенд еднаш во месецот за превоз на старите лица во железничкиот сообраќај во Република Македонија. Сите лица мажи над 64 години и жени над 62 години имаат право на бесплатен превоз во повратен правец во определен викенд во месецот.

На крајот сакам да потенцирам дека и во иднина ќе продолжиме да ја унапредуваме соработката со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија не само во овие проекти, туку и во други активности и проекти, со единствена цел, да го подигнеме животниот стандард на пензионерите и нивното вклучување во социјалниот живот на што повисоко ниво.

Министерството за труд и социјална политика дава отворена поддршка и на сите невладини организации, општини и организации кои работат на полето на заштитата на старите лица и целосно сме подготвени за уште поинтензивна соработка со Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

Почитувани, Ви посакувам убави моменти на оваа манифестација и овој ден да го поминете во дружење и радост. Воедно Ви го честитам празникот на нашата државност 8–ми септември и 20–ти септември, денот на пензионерите во Република Македонија. Да сте живи и здрави, и да се среќаваме уште многу години.

# Обраќања



## Ахмет Ќазими

### раководител на Секторот за јавни дејности во општина Тетово

Почитувани пензионери,

Имам особено задоволство во името на градоначалникот на Општина Тетово, Теута Арифи, да ве поздравам и да присуствувам на 19–те Републички пензионерски спортски натпревари во чест на 8–ми септември, Денот на независноста на Република Македонија и 20–ти септември, Денот на пензионерите.

Задоволство е да се биде со Вас. На овој начин давате пример за младите генерации како треба да се негуваат и унапредуваат спортските натпревари.

Желбата да се учествува на вакви игри е доказ дека годините не се пречка за здрав спортски дух, а другарувањето и во третото доба – главен мотив за учество на натпреварите.

Општина Тетово со задоволство ги поддржува активностите на Сојузот на пензионери. Без Вашата мудрост нема успех и напредок, а ние како општина и во иднина ќе стоиме зад Вашите проекти. Ви посакувам здравје, долг живот и многу среќа во натпреварите.





## Гојко Ефтоски

### претседател на собрание на ЗП Тетово

Драги пензионери, почитувани гости,

Се наоѓаме пред завршетокот на оваа ДЕВЕТНАЕСЕТТА по ред спортска манифестација, што ја нарековме ПЕНЗИОНЕРСКА ОЛИМПИЈАДА. Овде во Тетово, во кругот на гигантот на текстилната индустрија на Македонија, ТЕТЕКС, своето знаење, вештина и издржливост ќе ги манифестираат 400 спортисти – пензионери во 21 дисциплина во машка и женска конкуренција, како прваци на осумте регионални спортски натпревари. Две причини има за тоа зошто овие натпревари ги нарековме ПЕНЗИОНЕРСКА ОЛИМПИЈАДА. Прво е масовноста. На регионалните натпревари учествуваа 1.714 пензионери, и второ, одушевување е да се гледа како сите натпреварувачи сакаат и постигнуваат солидни спортски резултати.

И во оваа прилика сакам да нагласам дека спортската активност е привилегија на здрав организам. Спортувањето го јакне човечкото тело. Посебно заслужува

## Шабан Азизи

### претседател на ИО на ЗП Тетово

што е благотворно за луѓето од третото доба, на кои спортувањето има силно влијание за побавно стареење.

Во претходните 18 републички спортски натпревари, тетовските пензионери осум пати беа колективни победници и спаѓаат меѓу иницијаторите за нивно организирање. Меѓутоа, за прв пат сме домаќини на натпревари на државно ниво. Сакам да истакнам и тоа дека нашиот придонес е и во пренесување на спортскиот дух во сите пензионерски средини, што услови да имаме се посилна конкуренција.

Вашиот домаќин, градот Тетово е мултиетничка средина. Овде живеат Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци и други кои го развиваат градот и градат заеднички живот. Така е и во Здружението на пензионери. Нашиот град има богато историско и културно минато, вековна традиција на заеднички живот, што го прави поразличен од сите други, но и попривлечен за секој добронамерник.

Дозволете ми на крајот уште еднаш сите да ве поздравам, а посебно гостите.

# Празник и гордост за учесниците и за пензионерите





Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија и оваа година во чест на одбележувањето на 8–ми септември – Денот на независноста на Република Македонија и 20–ти септември – Денот на пензионерите на Македонија, на 6–ти септември ги одржа Деветнаесеттите републички пензионерски спортски натпревари. Учесниците на оваа пензионерска спортска олимпијада се сретнаа во градот под Шар Планина, на терените на познатиот комбинат „Тетекс“ – Тетово. Четиристотини најдобри претставници од 47 здруженија на пензионери од Македонија се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини и во 21 категорија во машка и во женска конкуренција. Покровители на ова најмасовно спортстко натпреварување на пензионерите од Македонија беа Министерството за труд и социјална политика на РМ и Комерцијална Банка АД Скопје. Спортските игри ги следеа повеќе од 1000 учесници, гости и други присутни граѓани.

Во име на домаќинот – Здружението на пензионери од Тетово, добредојде на учесниците и на гостите прв им посака претседателот на Собранието на ова здружение **Гојко Ефтоски,** а претседателот на Извршниот одбор **Шабан Азизи** ги поздрави учесниците и присутните на албански јазик. „Вашиот домаќин, градот Тетово е мултиетничка средина. Овде живеат Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци и други етнички припадници, кои го развиваат градот и градат заеднички живот. Така е и во Здружението на пензионери“, – рече покрај другото Азизи. Во име на градот домаќин и









Локалната самоуправа се обрати **Ахмет Ќазими,** раководител на Секторот за јавни дејности, кој на албански и на македонски јазик ги пренесе искрените поздрави од градоначалничката Теута Арифи и го истакна задоволството што присуствува на оваа голема пензионерска манифестација.

Во поздравниот збор, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, истакнувајќи го значењето на спортските акивности во третата доба, нагласи дека оваа пензионерска спортска олимпијада не е само натпревар и покажување на психофизичките можности, туку таа е празник и гордост за секој учесник, но и за сите пензионери.

На присутните им се обрати и министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов**, кој истакна дека и натаму ќе продолжи добрата соработка на Министерството со Сојузот и здруженијата на пензионери од Република Македонија со единствена цел да се зголемат можностите во решавањето на актуелните проблеми, да им се помогне на пензионерите во остварувањето на правата што им припаѓаат и да им се подобри квалитетот на животот и стандардот во целина. Потоа, со посебно задоволство и радост, министерот Спасов заедно со претседателот Аргировски го прогласија првенството за отворено, а начинот на спроведувањето на натпреварите во 11 спортски дисциплини: стрелаштво, шах, пикадо, тегнење јаже, трчање, фрлање ѓуле, скок од место, табла, домино, двобој и тробој, го објасни **Здравко Петковски**, претседател на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ.

Натпреварите започнаа со посебен ентузијазам и максимално залагање на сите учесници, а најдобри резултати во поединечна и екипна конкуренција и оваа година постигнаа претставниците на ЗП Охрид и Дебрца. Четири години по ред тие не го препуштаат првото место, а преодниот пехар и сега ним им припадна. Честитајќи им ја победата, на завршната манифестација пехарот им го врачи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Победниците ја поделија радоста со останатите учесници и сите се придружија кон веселбата, во која посебна живост внесоа познатите естрадни пејачи **Ирена Спасовска и Круме Спасовски** придружувани од познатиот музички бенд од Тетово. Во ова импресивно спортско натпреварување и незаборавно дружење на учесниците, свој придонес имаше и водителката **Божана Ќулавкова**, новинарка од Велес.





# Преглед на местата и годините на одржаните Републички пензионерски спортски натпревари

| Година | Место на одржување | Број на учесници |
|---|---|---|
| 1996 | Охрид | 150 |
| 1997 | Гевгелија (Дојранско Езеро) | 350 |
| 1998 | Куманово (Кумановска Бања) | 500 |
| 1999 | Виница | 550 |
| 2000 | Ресен – Крани (Преспанско Езеро) | 800 |
| 2001 | Велес (Езеро „Младост“) | 600 |
| 2002 | Охрид – „Горица“ (Охридско Езеро) | 857 |
| 2003 | Кавадарци (Хотел „ФЕНИ“) | 1050 |
| 2004 | Струга „Еуротел“ | 1070 |
| 2005 | Велес (Езеро „Младост“) | 920 |
| 2006 | Ресен – Крани (Преспанско Езеро) | 1114 |
| 2007 | Велес (Езеро „Младост“) | 760 |
| 2008 | Радовиш (Сп. центар „Шампион“) | 800 |
| 2009 | Струга („Еуротел“) | 858 |
| 2010 | Радовиш (Сп. центар „Шампион“) | 900 |
| 2011 | Струга (Комплекс „Ливадишта“) | 1100 |
| 2012 | Скопје (комплекс „NEW STAR“) | 1150 |
| 2013 | Штип (комплекс „Македонка“) | 1380 |
| 2014 | Тетово (комплекс „Тетекс“) | 1008 |

***Број на учесници по години***



# СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
## 6 септември 2014 година
## Тетово - комплекс „Тетекс“

Сојуз на здруженија
на пензионери
на Македонија
**СЗПМ**

**19-ТИ РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ**

Тетово
6 септември 2014

## ПРОГРАМА

**ПРВ дел: 9.00 часот**

- Поздравно обраќање на **Гојко Евтоски**, претседател на Собрание на ЗП Тетово и **Шабан Азизи**, претседател на ИО на ЗП Тетово **Теута Арифи**, градоначалник на Општина Тетово
- Обраќање на **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ
- Свечено обраќање на **Диме Спасов**, министер за труд и социјална политика на Република Македонија

**ВТОР дел: 9.30 часот**

- Почеток на натпреварите во 11 дисциплини на кои ќе учествуваат 400 најдобри од 1714 натпреварувачи од 47 здруженија на пензионери

**ТРЕТ дел: 13.30 часот**

- Прогласување на најдобрите и доделување на преоден пехар на Здружението со најдобри резултати
- Дружење во ресторанот „Арена“ - Тетово

## СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ НА НАТПРЕВАРИТЕ

| | |
|---|---|
| СТРЕЛАШТВО | ТРЧАЊЕ |
| ШАХ | СКОК ОД МЕСТО |
| ПИКАДО | ДОМИНО |
| ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ | ТАБЛА |
| ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ | ДВОБОЈ, ТРОБОЈ |

## ЕКИПНО ЖЕНИ



За најдобар стрелец
е прогласена
**Вера Димитриоска**
– ЗП Прилеп

I место
**ЗП Прилеп**

1. Вера Димитриоска
2. Данче Кочоска
3. Трендафилка Грнчароска
4. Менка Ангелеска



II место
**ЗП Куманово**

1. Богица Димитриевска
2. Маргарита Станиќ
3. Злата Трајковска
4. Божана Трајковска

Медалите ги врачи **Ѓорѓи Серафимов**
член на ИО на СЗПМ

III место
**ЗП ОВР - Скопје**

1. Мирослава Бошњаковска
2. Мара Илиќ
3. Славица Денковиќ
4. Вера Стрезовска



За најдобар стрелец
е прогласен
**Тоше Јанкулоски**
– ЗП Охрид и Дебрца



Медалите ги врачи **Бесник Поцеста**
потпретседател на собрание на СЗПМ




## ЕКИПНО МАЖИ



I место
**ЗП Кочани**

1. Костадин Стојанов
2. Драги Гацев
3. Стојан Андонов
4. Ѓорѓи Наумов

II место
**ЗП Охрид и Дебрца**

1. Тоше Јанкулоски
2. Томе Ристески
3. Цветко Попоски
4. Владо Милошески

III место
**ЗП Битола**

1. Благоја Велјановски
2. Цане Ристевски
3. Веселин Босилковски
4. Панче Ѓоргиевски

# ЕКИПНО ЖЕНИ



За најдобра шахистка
е прогласена
**Лилјана Славевска**
– ЗП Центар – Скопје



Медалите ги врачи **Методија Тошевски**
потпретседател на ИО на СЗПМ



**I место**

**ЗП Центар - Скопје**

1. Лилјана Славевска
2. Лидија Кизова
3. Љубинка Крстевска

**II место**

**ЗП Мак. Каменица**

1. Светлана Митревска
2. Славка Димитровска
3. Аника Цветановска

**III место**

**ЗП Струга**

1. Шенка Балтовска
2. Лилјана Петревска
3. Љубица Јовановска

# ЕКИПНО МАЖИ

За најдобар шахист
е прогласен
**Ристо Крстев**
– ЗП Тетово



**I место**

## ЗП Ѓорче Петров

1. Ристо Крстев
2. Зоран Мукаетов
3. Мирослав Буцевски
4. Китан Митревски



**II место**

## ЗП Кочани

1. Тодор Милосиев
2. Фиданчо Паунов
3. Станко Аксентиев
4. Драги Ангелов

Медалите ги врачи **Станка Трајкова** секретар на ИО на СЗПМ



**III место**

## ЗП Куманово

1. Александар Мандиќ
2. Милисав Серафимовски
3. Душан Петрушевски
4. Милорад Стојмановски

# ЕКИПНО ЖЕНИ



Најдобар стрелец во пикадо е прогласена **Тана Михајлова** – ЗП Св. Николе

I место

**ЗП Св. Николе**

1. Тана Михајлова
2. Јагода Митева
3. Дафина Манева
4. Ленче Донева



II место

**ЗП Пробиштип**

1. Павлина Мишева
2. Рајна Јанковиќ
3. Лилјана Јакимовска
4. Ратка Спасовска

Медалите ги врачи **Илија Адамовски** член на ИО на СЗПМ



III место

**ЗП ОВР - Скопје**

1. Марија Стефановска
2. Марија Лазаревска
3. Невена Синадиновска
4. Драга Петковска

# ЕКИПНО МАЖИ

Најдобар стрелец во пикадо
е прогласен
**Насте Игњатовски**
– ЗП Гази Баба






Медалите ги врачи **Ѓорге Андонов**
член на ИО на СЗПМ




I место

**ЗП Гази Баба**

1. Ласте Игњатовски
2. Славе Божиновски
3. Славко Божиновски
4. Димитар Митевски

II место

**ЗП Крушево**

1. Киро Секулоски
2. Билал Тариќ
3. Велко Лозаноски
4. Христо Илиоски

III место

**ЗП Богданци**

1. Ристо Пешков
2. Ристо Матеничков
3. Владо Иванов
4. Ристо Иванов



## ЕКИПНО ЖЕНИ



Медалите ги врачи **Стојан Настевски**
член на ИО на СЗПМ



**I место**

### ЗП Гази Баба

1. Ратка Петковска
2. Наде Блажевска
3. Билјана Атанасовска
4. Богица Ангеловска
5. Јагода Колевска
6. Лилјана Ѓоргиевска
7. Благица Јовчевска

**II место**

### ЗП Тетово

1. Софија Симовска
2. Марика Јованоска
3. Анастасија Златаноска
4. Љилја Аврамовска
5. Димка Симјановска
6. Благица Дишевска
7. Драгица Љубеска

**III место**

### ЗП Штип

1. Стојка Шалева
2. Блага Арсова
3. Цвета Василева
4. Стојна Стојковска
5. Бранка Митева
6. Цена Стефанова
7. Илинка Митева

# ЕКИПНО МАЖИ



I место

## ЗП Гази Баба

1. Андон Јовановски
2. Славко Крстевски
3. Марјанчо Петрушевски
4. Благој Димковски
5. Александар Димитриоски
6. Циме Анчевски
7. Боро Спасовски



II место

## ЗП Кочани

1. Ценко Минов
2. Блаже Манев
3. Гоце Давитков
4. Трендафилчо Данилов
5. Трајан Стефанов
6. Димче Нешовски
7. Анче Митев

Медалите ги врачи **Стево Бојаџиев** член на ИО на СЗПМ

III место

## ЗП Тетово

Неделко Роман
2. Абдирезак Рустеми
3. Сибин Симјановски
4. Божин Апостоловски
5. Трипун Симоновски
6. Ефтимија Стојковски
7. Љупчо Јорганџиевски






## ЖЕНИ до 60 години



I место
**Љупка Трифуновска**
од ЗП Охрид и Дебрца

II место
**Галаба Георгиева**
од ЗП Штип

III место
**Петрунка Ѓорѓиевска**
од ЗП Мак. Каменица

Медалите ги врачи **Шабан Азизи**

## ЖЕНИ над 60 години



I место
**Павлина Камчева**
од ЗП Струмица

II место
**Благица Миркулоска**
од ЗП Охрид и Дебрца

III место
**Радица Симевска**
од ЗП Ѓорче Петров

Медалите ги врачи **Јордан**



## МАЖИ до 60 години



**I место**
**Ристо Нетков**
од ЗП Штип

**II место**
**Нејази Тахири**
од ЗП Тетово

**III место**
**Моме Цветановски**
од ЗП Куманово

претседател на ИО на ЗП Тетово

## МАЖИ над 60 години



**I место**
**Блаже Србиновски**
од ЗП Охрид

**II место**
**Љубе Павлов**
од ЗП Кавадарци

**III место**
**Драги Ефремов**
од ЗП Виница

**Костадинов** член на ИО на СЗПМ

# ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА



## ЖЕНИ

**I место**

**Марија Каракамишева**
од ЗП Богданци

**II место**

**Јабланка Веселинова**
од ЗП Тетово



**III место**

**Милица Андревска**
од ЗП Солидарност – Аеродром

Медалите ги врачи **Љубица Кузмановска**
член на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ

## МАЖИ

**I место**

**Блажо Станојков**
од ЗП Куманово

**II место**

**Гласе Симоновски**
од ЗП Неготино

**III место**

**Тодор Радевски**
од ЗП Солидарни пензионери – Илинден





# ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА
# МАЖИ



I место
**Марјан Николовски**
од ЗП Охрид и Дебрца

II место
**Ѓорѓи Николов**
од ЗП Кочани

III место
**Рашит Идризи**
од ЗП Чаир



Медалите ги врачи **Руфат Рамадани**
член на ИО на СЗПМ

# ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА



## ДВОБОЈ ЖЕНИ

I место
**Верица Пулеска**
од ЗП Охрид и Дебрца

II место
**Јасминка Тодоровска**
од ЗП Куманово

III место
**Снежана Стевковска**
од ЗП Гази Баба

Медалите ги врачи **Александар Захариев**
член на ИО на СЗПМ



## ТРОБОЈ МАЖИ

I место
**Ѓоко Јаневски**
од ЗП Охрид и Дебрца

II место
**Симе Цветковски**
од ЗП Прилеп

III место
**Добре Билбиловски**
од ЗП Гостивар

# ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА



## ЖЕНИ



**I место**
**Тодорка Савова**
од ЗП Солидарност – Аеродром

**II место**
**Славица Јованоска**
од ЗП Прилеп

**III место**
**Снежана Атанасова**
од ЗП Свети Николе

Медалите ги врачи **Доне Тодоровски** член на ИО на СЗПМ

## МАЖИ



**I место**
**Никола Атанасовски**
од ЗП Крушево

**II место**
**Стојан Петковски**
од ЗП Охрид и Дебрца

**III место**
**Миливоје Крстевски**
од ЗП Куманово



## ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА

## ЖЕНИ

I место
**Љубица Настоска**
од ЗП Струга

II место
**Даринка Стојкова**
од ЗП Радовиш

III место
**Ратка Спасовска**
од ЗП Пробиштип



Медалите ги врачи **Гојко Ефтоски** претседател на Собрание на ЗП Тетово

## МАЖИ

I место
**Фејзи Рустеми**
од ЗП Тетово

II место
**Ристо Данчев**
од ЗП Битола

III место
**Симо Манев**
од ЗП Свети Николе



# Охриѓани пак победници

На 19–те републички пензионерски спортски натпревари, кои се одржаа на 6–ти септември 2014 година, на терените во комлексот, „Тетекс" – Тетово, се натпреваруваа 400 најдобри спортисти (208 мажи и 192 жени) од 47 здруженија на пензионери од Македонија. Во мошне изедначена поединечна и екипна конкуренција, најдобри резултати постигнаа натпреварувачите од ЗП Охрид и Дебрца и по четвортти пат едноподруго ја славеа победата. Кумановчани повторно го освоија второто место, како што и прилепчани третото, а домаќините од Тетово беа задоволни со четвртото место. Но, како течеа натпреварите?



Во **стрелаштво** со воздушна пушка **во женска конкуренција** најдобра беше екипата од ЗП Прилеп со 191 круг, пред ЗП Куманово (187 кругови) и ЗП ОВР – Скопје (186 кругови), а во **машка конкуренција** првото место го освои екипата на ЗП Кочани со 240 круга, втори беа охриѓани со 239 кругови, а трети битолчани со 232 круга. Медалите на победниците во женска конкуренција им ги врачи Ѓорѓи Серафимов, член на ИО на СЗПМ, а во машка конкуренција, Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ.

Во дисциплината **шах во женска конкуренција** првото место го освои екипата на ЗП Центар – Скопје, пред ЗП Македонска Каменица и ЗП Струга, а **во машка конкуренција** ѓорчепетровци го однесоа златото, додека среброто им припадна на кочанчани, а бронзата на ЗП Куманово. Медалите ги врачија Методија Тошевски, потпретседател на ИО на СЗПМ и Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ.

Во **пикадо во женска конкуренција** најдобра беше екипата од ЗП Свети Николе, пред ЗП Пробиштип и ЗП ОВР – Скопје, а **во машка конкуренција** победниците од Гази Баба зад себе ги оставија натпреварувачите од ЗП Крушево и ЗП Богданци. Медалите на најдобрите учесници им врачија Илија Адамоски и Ѓорге Андонов, членови на ИО на ЗСПМ.

Во дисциплината **тегнење јаже во женска конкуренција** припадничките на ЗП Гази Баба од третото се искачија на првото место, тетовци го повторија минатогодишниот успех задоволувајќи се со второто место, а штипјани го освоија третото место. Во **машка конкуренција** натпреварувачите од Гази Баба, трипати по ред го освојуваат првото место, втори беа кочанчани и трети тетовци. Медалите ги врачија Стојан Насевски и Стево Бојаџиев, членови на ИО на ЗСПМ.

Во **фрлање ѓуле во женска конкуренција** победничката од минатата година Марија Каракамишева од ЗП Богданци, повторно застана на првото место, а третопласираната Јабланка Веселиновска од ЗП Тетово се искачи на второто, додека третото место го освои Милица Андревска од ЗП Солидарност – Аеродром. Во **машка конкуренција** најдобар беше Блажо Станојков од ЗП Куманово, Гласе Симоновски од ЗП Неготино го освои второто место, а третото,



Тодор Радевски од ЗП Солидарни пензионери – Илинден. Медалите ги врачи Љубица Кузмановска, член на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ.

Во дисциплината **трчање жени до 60 години**, првото место и припадна на Љупка Трифуновска од Охрид, второто на Галаба Георгиева од Штип, а третото на Петрунка Ѓорѓиевска од Македонска Каменица. Во истата дисциплина, но во категоријата **над 60 години**, најдобра беше, Павлина Камчева од Струмица пред Благица Миркулоска од Охрид и Радица Симевска од Ѓорче Петров. Во **машка конкуре-**

**нција во трчање до 60 години** најбрз беше Ристо Нетков од ЗП Штип пред Нијази Тахири од ЗП Тетово и Моме Цветановски од ЗП Куманово. Во категоријата **над 60 години** победи Блаже Србиновски од Охрид, втор беше Љубе Павлов од Кавадарци, а трет Драги Ефремов од Виница. Медалите, во категоријата до 60 години жени и мажи, ги врачи Шабан Азизи, а над 60 години во двете категории, Јордан Костадинов, двајцата членови на ИО на СЗПМ.





Во поединечната дисциплина **скок од место** се натпреваруваа само мажи и, како и минатата година, најдалеку скокна Марјан Николовски од ЗП Охрид, пред Ѓорѓи Николов од ЗП Кочани и Рашит Идризи од ЗП Чаир. Медалите им ги врачи Руфат Рамадани, член на ИО на СЗПМ.

Во дисциплината **домино во женска конкуренција** најдобра беше Љубица Настоска од Струга, пред Даринка Стојкова од Радовиш и Ратка Спасовска од Пробиштип. Во **машка конкуренција**, за првото место се избори Фејзи Рустеми од Тетово, за второто Ристо Данчев од Битола и за третото Симо Манев од Свети Николе. Медалите ги врачи Гојко Ефтоски, претседател на Собранието на ЗП Тетово.

Првото место во **табла - жени** го освои Тодорка Савова од ЗП Солидарност – Аеродром, второто Славица Јованова од ЗП Прилеп и третото Снежана Атанасова од ЗП Свети Николе. Во **машка конкуренција** најдобар беше Никола Атанасовски од Крушево, пред Стојан Петковски од Охрид и Миливое Крстевски од Куманово. Медалите им ги врачи Доне Тодоровски, член на ИО на СЗПМ.

Во најмашката дисциплина **тробој,** првото место го освои Ѓорѓи Јаневски од ЗП Охрид, второто Симе Цветкоски од ЗП Прилеп и третото Добре Билбиловски од ЗП Гостивар. Во најтешката дисциплина **двобој жени** победи охриѓанката Верица Пулеска, второ место освои Јасминка Тодоровска од ЗП Куманово, а трето Снежана Стевковска од ЗП Гази Баба. Медалите ги врачи Александар Захариев, член на ИО на СЗПМ.

Според Правилникот, во трите дисциплини: **стрелаштво, шах и пикадо во женска и во машка конкуренција**, беа прогласени и најдобрите поединци на кои претседателот на Комисијата за спорт и рекреација Здравко Петковски им врачи посебни пехари. Епитетот најдобри меѓу најдобрите го заслужија: Вера Димитровска (ЗП Прилеп) и Тоше Јанкуловски (ЗП Охрид) – **стрелаштво**, Лилјана Славевска (ЗП Центар) и Ристо Крстев (ЗП Ѓ. Петров) – **шах**, Тања Михајлова (ЗП Св. Николе) и Насте Игњатовски (ЗП Гази Баба) – **пикадо**.

Натпреварите беа мошне добро организирани и се одвиваа според програмата, а на крајот сите ја славеа победата на најдобрите. Преодниот пехар на победниците од ЗП Охрид и Дебрца на заедничката прослава им го врачи претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**. Видно задоволен и воодушевен од постигнатиот успех, претседателот на ИО на Охридското здружение **Ѓорѓи Трпчески** им се заблагодари на учесниците за вложениот труд и вети дека припадниците на ЗП Охрид со навремени и интензивни подготовки ќе ја продолжи традицијата во постигнувањето високи резултати на пензионерската спортска олимпијада.

# ТАБЕЛА НА ОСВОЕНИТЕ МЕДАЛИ

| Ред. број | ЗДРУЖЕНИЈА | ЗЛАТО | СРЕБРО | БРОНЗА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Охрид и Дебрца | 5 | 3 | – | 8 |
| 2. | Гази Баба | 3 | – | 1 | 4 |
| 3. | Тетово | 1 | 3 | 1 | 5 |
| 4. | Куманово | 1 | 2 | 3 | 6 |
| 5. | Кочани | 1 | 3 | – | 4 |
| 6. | Прилеп | 1 | 2 | – | 3 |
| 7. | Свети Николе | 1 | – | 2 | 3 |
| 8. | Аеродром – Солидар. | 1 | – | 2 | 3 |
| 9. | Штип | 1 | 1 | 1 | 3 |
| 10. | Крушево | 1 | 1 | – | 2 |
| 11. | Богданци | 1 | – | 1 | 2 |
| 12. | Струга | 1 | – | 1 | 2 |
| 13. | Ѓорче Петров | 1 | – | 1 | 2 |
| 14. | Центар | 1 | – | – | 1 |
| 15. | Струмица | 1 | – | – | 1 |
| 16. | Пробиштип | – | 1 | 1 | 2 |
| 17. | Битола | – | 1 | 1 | 2 |
| 18. | Македон. Каменица | – | 1 | 1 | 2 |
| 19. | Неготино | – | 1 | – | 1 |
| 20. | Кавадарци | – | 1 | – | 1 |
| 21. | Радовиш | – | 1 | – | 1 |
| 22. | ОВР | – | – | 2 | 2 |
| 23. | Виница | – | – | 1 | 1 |
| 24. | Гостивар | – | – | 1 | 1 |
| 25. | Чаир | – | – | 1 | 1 |
| | ВКУПНО | 21 | 21 | 21 | 63 |

## ПРЕГЛЕД
## НА ОСВОЕНИ МЕДАЛИ ПО РЕГИОНИ 2014

| Ред. број | Регион | ЗЛАТНИ | СРЕБРЕНИ | БРОНЗЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 01 | I Регион | 5 | – | 4 | 09 |
| 02 | II Регион | 2 | 3 | 5 | 10 |
| 03 | III Регион | 2 | 4 | 1 | 07 |
| 04 | IV Регион | 6 | 3 | 1 | 10 |
| 05 | V Регион | 1 | 2 | 1 | 04 |
| 06 | VI Регион | 1 | 3 | 4 | 08 |
| 07 | VII Регион | 3 | 2 | 3 | 08 |
| 08 | VIII Регион | 1 | 4 | 2 | 07 |
| | В К У П Н О | 21 | 21 | 21 | 63 |

# ПРЕГЛЕД НА ПЛАСМАН ПО СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ ВО 2014

**СТРЕЛАШТВО**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Центар |
| 2. ОВР | 2. ОВР |
| 3. Битола | 3. Прилеп |
| 4. Охрид | 4. Кичево |
| 5. Валандово | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Штип | 7. Радовиш |
| 8. Кочани | 8. Кочани |

**ТРЧАЊЕ ДО 60 ГОД.**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Солидарни Илинден | 1. Гази Биба |
| 2. Тетово | 2. ОВР |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид | 4. Охрид |
| 5. Неготино | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Штип | 7. Штип |
| 8. Мак. Каменица | 8. Мак. Каменица |

**ШАХ**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Центар | 1. Центар |
| 2. Ѓорче Петров | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Крушево |
| 4. Охрид | 4. Струга |
| 5. Кавадарци | 5. Велес |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Штип | 7. Штип |
| 8. Кочани | 8. Мак. Каменица |

**ТРЧАЊЕ НАД 60 ГОД.**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Шуто Оризари | 1. Воени пензион. |
| 2. Гостивар | 2. Ѓорче Петров |
| 3. Прилеп | 3. Крушево |
| 4. Охрид | 4. Охрид |
| 5. Кавадарци | 5. Велес |
| 6. Пробиштип | 6. Куманово |
| 7. Радовиш | 7. Струмица |
| 8. Виница | 8. Кочани |

**ПИКАДО**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Воени пензион. |
| 2. Тафталиџе | 2. ОВР |
| 3. Крушево | 3. Ресен |
| 4. Дебар | 4. Макед. Брод |
| 5. Богданци | 5. Гевгелија |
| 6. Кр. Паланка | 6. Пробиштип |
| 7. Струмица | 7. Св. Николе |
| 8. Берово | 8. Виница |

**ДОМИНО**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Солид. Илинден |
| 2. Тетово | 2. Карпош |
| 3. Битола | 3. Ресен |
| 4. Дебар | 4. Струга |
| 5. Валандово | 5. Демир Капија |
| 6. Пробиштип | 6. Пробиштип |
| 7. Свети Николе | 7. Радовиш |
| 8. Пехчево | 8. Кочани |

**ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Гази Баба |
| 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Кичево | 4. Охрид |
| 5. Неготино | 5. Неготино |
| 6. Пробиштип | 6. Пробиштип |
| 7. Штип | 7. Штип |
| 8. Кочани | 8. Виница |

**ТАБЛА**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Кисела Вода | 1. Соли. Аеродром |
| 2. Тетово | 2. Ѓорче Петров |
| 3. Крушево | 3. Прилеп |
| 4. Охрид | 4. Охрид |
| 5. Кавадарци – инвалиди | 5. Демир Капија |
| 6. Куманово | 6. Злетово |
| 7. Штип | 7. Св. Николе |
| 8. Делчево | 8. Делчево |

**ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Соли. Аеродром | 1. Соли. Аеродром |
| 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид | 4. Кичево |
| 5. Неготино | 5. Богданци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Струмица | 7. Радовиш |
| 8. Берово | 8. Виница |

| ТРОБОЈ | ДВОБОЈ |
|---|---|
| 1. Солидарност Аеродром | 1. Гази Баба |
| 2. Гостивар | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид | 4. Охрид |
| 5. Кавадарци | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Радовиш | 7. Радовиш |
| 8. Македонска Каменица | 8. Берово |

**СКОК ОД МЕСТО**

| | |
|---|---|
| 1. Чаир | 5. Кавадарци |
| 2. Тафталиџе | 6. Куманово |
| 3. Прилеп | 7. Радовиш |
| 4. Охрид | 8. Кочани |

# ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ
# НА XIX СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ 2014

| Ред. бр. | Здружение | Освоени места | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на Дисцип. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | вкупно бодови |
| 01 | Охрид | 13 | 5 | 3 | – | 2 | – | – | 2 | 1 | 99 |
| 02 | Куманово | 13 | 1 | 2 | 3 | 1 | 3 | 1 | 2 | – | 70 |
| 03 | Прилеп | 13 | 1 | 2 | – | 3 | 4 | 2 | – | 1 | 65 |
| 04 | Тетово | 09 | 1 | 3 | 1 | 2 | – | 1 | 1 | – | 57 |
| 05 | Гази Баба | 07 | 3 | – | 1 | 1 | – | – | 1 | – | 48 |
| 06 | Штип | 08 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | – | 43 |
| 07 | Кочани | 07 | 1 | 3 | – | – | 2 | – | – | 0 | 42 |
| 08 | Пробиштип | 06 | – | 1 | 1 | 1 | 2 | – | 1 | – | 29 |
| 09 | Крушево | 04 | 1 | 1 | – | – | 1 | 1 | – | – | 27 |
| 10 | Свети Николе | 03 | 1 | – | 2 | – | – | – | – | – | 24 |
| 11 | Центар | 03 | 1 | – | – | 2 | – | – | – | – | 22 |
| 12 | Радовиш | 07 | – | 1 | – | – | 1 | 2 | 1 | 2 | 22 |
| 13 | Кавадарци | 07 | – | 1 | – | 1 | 1 | 1 | – | 2–0 | 22 |
| 14 | Ѓорче Петров | 03 | 1 | – | 1 | – | – | – | 1 | – | 20 |
| 15 | Солидар.Аеродр. | 03 | 1 | – | 1 | – | – | – | 1 | – | 20 |
| 16 | Мак. Каменица | 04 | – | 1 | 1 | – | – | 2 | – | – | 20 |
| 17 | ОВР | 04 | – | – | 2 | – | 1 | – | 1 | – | 19 |
| 18 | Струга | 02 | 1 | – | 1 | – | – | – | – | – | 18 |
| 19 | Богданци | 02 | 1 | – | 1 | – | – | – | – | – | 18 |
| 20 | Струмица | 03 | 1 | – | – | – | – | – | 2 | – | 16 |
| 21 | Неготино | 04 | – | 1 | – | – | 1 | 1 | – | 1 | 16 |
| 22 | Виница | 04 | – | – | 1 | – | 1 | 1 | 1 | – | 15 |
| 23 | Битола | 02 | – | 1 | 1 | – | – | – | – | – | 14 |
| 24 | Гостивар | 02 | – | – | 1 | 1 | – | – | – | – | 11 |
| 25 | Солидар.Илинден | 03 | – | – | 1 | 1 | – | – | 1 | – | 11 |
| 26 | Воени пензионери | 02 | – | – | – | 2 | – | – | – | – | 10 |
| 27 | Демир Капија | 02 | – | – | – | 1 | 1 | – | – | – | 09 |
| 28 | Тафталиџе | 02 | – | – | – | 1 | – | – | 1 | – | 07 |
| 29 | Чаир | 01 | – | – | 1 | – | – | – | – | – | 06 |
| 30 | Ресен | 02 | – | – | – | – | 1 | – | 1 | – | 06 |
| 31 | Дебар и Цен. Жупа | 02 | – | – | – | 1 | – | – | – | 1 | 06 |
| 32 | Делчево | 02 | – | – | – | – | 1 | – | 1 | – | 06 |
| 33 | Берово | 03 | – | – | – | – | 1 | – | – | 1–0 | 05 |
| 34 | Шуто Оризари | 01 | – | – | – | – | 1 | – | – | – | 04 |
| 35 | Валандово | 02 | – | – | – | – | – | 1 | – | 1 | 04 |
| 36 | Македонски Брод | 01 | – | – | – | – | – | 1 | – | – | 03 |
| 37 | Кисела Вода | 01 | – | – | – | – | – | 1 | – | – | 03 |
| 38 | Кичево | 03 | – | – | – | – | – | – | – | 3 | 03 |
| 39 | Злетово | 01 | – | – | – | – | – | 1 | – | – | 03 |
| 40 | Пехчево | 01 | – | – | – | – | – | – | 1 | – | 02 |
| 41 | Крива Паланка | 01 | – | – | – | – | – | – | – | 1 | 03 |
| 42 | Карпош | 01 | – | – | – | – | – | – | – | 1 | 01 |
| 43 | Гевгелија | 01 | – | – | – | – | – | – | – | 1 | 01 |
| 44 | Велес | 02 | – | – | – | – | – | – | – | 1–0 | 01 |
| 45 | Дојран | 01 | – | – | – | – | – | – | – | – | 00 |
| 46 | Кавадарци Инвал. | 01 | – | – | – | – | – | – | – | – | 00 |

# ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИТЕ УЧЕСНИЦИ НА НАТПРЕВАРИТЕ - 2014

| Ред. бр. | Региони екипа | ДИСЦИПЛИНИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно | | Сев купно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Стре лаштво | | Шах | | Пикадо | | Тегнење јаже | | Фрлање Ѓуле | | Трчање до 60 г. | | Трчање над 60 г. | | Скок од место | Домино | | Табла | | Тробој | Двобој | | | |
| | 1 | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | 10 | | 11 | | 12 | 13 | 14 | | 15 |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| **I Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Гази Баба | 4 | | | | 4 | | 7 | 7 | | | | 1 | | | | 1 | | | | | 1 | 16 | 09 | 25 |
| 2 | Центар | | 4 | 4 | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 04 | 07 | 11 |
| 3 | Солид.Аер. | | | | | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | | 1 | 1 | | 02 | 02 | 04 |
| 4 | Илинден сол | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | 1 | | | | | 02 | 01 | 03 |
| 5 | Кисела Вода | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | 01 | - | 01 |
| 6 | Воени пенз. | | | | | | 4 | | | | | | | | 1 | | | | | | | | - | 05 | 05 |
| 7 | Шуто Ориз | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | 01 | - | 01 |
| 8 | Чаир | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | 01 | - | 01 |
| **II Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | Тетово | | | 3 | | | | 7 | 7 | 1 | 1 | 1 | | | | | 1 | | 1 | | | 1 | 11 | 12 | 23 |
| 10 | Ѓ. Петров | | | 4 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | | | 04 | 02 | 06 |
| 11 | ОВР | 4 | 4 | | | | 4 | | | | | | 1 | | | | | | | | | | 04 | 09 | 13 |
| 12 | Гостивар | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | 1 | | 02 | - | 02 |
| 13 | Карпош | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | - | 01 | 01 |
| 14 | Тафталиџе | | | | | 4 | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | 05 | - | 05 |
| **III Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 15 | Прилеп | | 4 | 4 | | | | 7 | 7 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | | | | 1 | 1 | 1 | 16 | 15 | 31 |
| 16 | Битола | 4 | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | 05 | - | 05 |
| 17 | Ресен | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | - | 05 | 05 |
| 18 | Крушево | | | | 3 | 4 | | | | | | | | | 1 | | | | 1 | | | | 05 | 04 | 09 |
| **IV Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 19 | Охрид | 4 | | 4 | | | | | 7 | 1 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 14 | 11 | 25 |
| 20 | Кичево | | 4 | | | | | 7 | | | 1 | | | | | | | | | | | | 07 | 05 | 12 |
| 21 | Струга | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | - | 04 | 04 |
| 22 | Дебар | | | | | 4 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | 05 | - | 05 |
| 23 | Макед. Брод | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | - | 04 | 04 |
| **V Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 24 | Кавадарци | | 4 | 4 | | | | | | | | | 1 | 1 | | 1 | | | | | | | 07 | 06 | 13 |
| 25 | Неготино | | | | | | | 7 | 7 | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | 09 | 07 | 16 |
| 26 | Гевгелија | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | - | 04 | 04 |
| 27 | Велес | | | | 3 | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | - | 04 | 04 |
| 28 | Богданци | | | | | 4 | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | 04 | 01 | 05 |
| 29 | Валандово | 4 | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | 05 | - | 05 |
| 30 | Демир Капија | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | 01 | 01 | 02 |
| 31 | Кавад. инв. | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | 01 | - | 01 |
| 32 | Дојран | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | - | - | 00 |
| **VI Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 33 | Куманово | 4 | 4 | 4 | 3 | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | | 1 | | 1 | 1 | 13 | 11 | 24 |
| 34 | Пробиштип | | | | | | 4 | 7 | 7 | | | | | 1 | | | 1 | 1 | | | | | 09 | 12 | 21 |
| 35 | Кр. Паланка | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | 04 | - | 04 |
| 36 | Злетово | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | - | 01 | 01 |
| **VII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 37 | Радовиш | | 4 | | | | | | | | 1 | | | 1 | | 1 | | 1 | | | 1 | 1 | 03 | 07 | 10 |
| 38 | Штип | 4 | | 4 | 3 | | | 7 | 7 | | | 1 | 1 | | | | | | 1 | | | | 17 | 11 | 28 |
| 39 | Св. Николе | | | | | | 4 | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | 01 | 05 | 06 |
| 40 | Струмица | | | | | 4 | | | | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | 05 | 01 | 06 |
| **VIII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 41 | Кочани | 4 | 4 | 4 | | | | 7 | | | | | | | 1 | 1 | | 1 | | | | | 16 | 06 | 22 |
| 42 | Мак. Камен. | | | | 3 | | | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 1 | | 02 | 04 | 06 |
| 43 | Берово | | | | | 4 | | | | 1 | | | | | | | | | | | | 1 | 05 | 01 | 06 |
| 44 | Виница | | | | | | 4 | | 7 | | 1 | | | 1 | | | | | | | | | 01 | 12 | 13 |
| 45 | Пехчево | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | 01 | - | 01 |
| 46 | Делчево | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | 01 | 01 | 02 |
| | **Вкупно** | 32 | 32 | 32 | 24 | 32 | 32 | 56 | 56 | 08 | 08 | 08 | 08 | 08 | 08 | 08 | 08 | 08 | 08 | 08 | 08 | 08 | 208 | 192 | 400 |

# ПРЕГЛЕД НА ОСВОЕНИТЕ МЕСТА И БОДОВИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2014 ГОДИНА

| Освоено место | Здружение | Број на дисциплини | Освоени бодови |
|---|---|---|---|
| 1. | Охрид и Дебрца | 13 | 099 |
| 2. | Куманово | 13 | 070 |
| 3. | Прилеп | 13 | 066 |
| 4. | Тетово | 09 | 057 |
| 5. | Гази Баба | 07 | 048 |
| 6. | Штип | 08 | 043 |
| 7. | Кочани | 07 | 042 |
| 8. | Пробиштип | 06 | 029 |
| 9. | Крушево | 04 | 027 |
| 10. | Свети Николе | 03 | 024 |
| 11. | Центар – Скопје | 03 | 022 |
| 12. | Радовиш | 07 | 022 |
| 13. | Кавадарци | 07 | 022 |
| 14. | Ѓорче Петров | 03 | 020 |
| 15. | Солидарност Аеродром | 03 | 020 |
| 16. | Македонска Каменица | 04 | 020 |
| 17. | ОВР | 04 | 019 |
| 18. | Струга | 02 | 018 |
| 19. | Богданци | 02 | 018 |
| 20. | Струмица | 03 | 016 |
| 21. | Неготино | 04 | 016 |
| 22. | Виница | 04 | 015 |
| 23. | Битола | 02 | 014 |
| 24. | Гостивар | 02 | 011 |
| 25. | Солидарност Илинден | 03 | 011 |
| 26. | Воени пензионери | 02 | 010 |
| 27. | Демир Капија | 02 | 009 |
| 28. | Тафталиџа | 02 | 007 |
| 29. | Чаир | 01 | 006 |
| 30. | Ресен | 02 | 006 |
| 31. | Дебар | 02 | 006 |
| 32. | Делчево | 02 | 006 |
| 33. | Берово | 03 | 005 |
| 34. | Шуто Оризари | 01 | 004 |
| 35. | Валандово | 02 | 004 |
| 36. | Македонски Брод | 01 | 003 |
| 37. | Кисела Вода | 01 | 003 |
| 38. | Злетово | 01 | 003 |
| 39. | Крива Паланка | 01 | 003 |
| 40. | Кичево | 03 | 003 |
| 41. | Пехчево | 01 | 002 |
| 42. | Карпош | 01 | 001 |
| 43. | Гевгелија | 01 | 001 |
| 44. | Велес | 02 | 001 |
| 45. | Дојран | 01 | 000 |
| 46. | Прилеп инвалиди | 01 | 000 |

# ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИОТ БРОЈ УЧЕСНИЦИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2014 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 30 |
| 2. Центар | 15 |
| 3. Солидарност – Аеродром | 07 |
| 4. Кисела Вода | 03 |
| 5. Воени пензионери | 09 |
| 6. Солидарни пенз. Илинден | 06 |
| 7. Шуто Оризари | 03 |
| 8. Чаир | 04 |
| 9. Бутел | 03 |
| 10. Тетово | 255 |
| 11. Ѓорче Петров | 13 |
| 12. ОВР | 40 |
| 13. Гостивар | 11 |
| 14. Тафталиџе | 10 |
| 15. Карпош | 05 |
| 16. Сарај | 03 |
| 17. Прилеп | 53 |
| 18. Битола | 12 |
| 19. Ресен | 08 |
| 20. Крушево | 13 |
| 21. Демир Хисар | 02 |
| 22. Прилеп – инвалиди | 02 |
| 23. Охрид | 42 |
| 24. Кичево | 21 |
| 25. Струга | 07 |
| 26. Дебар | 11 |
| 27. Македонски Брод | 07 |
| 28. Вевчани | 02 |
| 29. Лабуништа | 01 |
| 30. Кавадарци | 23 |
| 31. Неготино | 23 |
| 32. Гевгелија | 08 |
| 33. Велес | 08 |
| 34. Богданци | 08 |
| 35. Валандово | 07 |
| 36. Д. Капија | 03 |
| 37. Дојран | 03 |
| 38. Кавадарци – инвалиди | 03 |
| 39. Куманово | 33 |
| 40. Пробиштип | 27 |
| 41. Крива Паланка | 09 |
| 42. Злетово | 04 |
| 43. Кратово | 01 |
| 44. Радовиш | 20 |
| 45. Штип | 40 |
| 46. Свети Николе | 09 |
| 47. Струмица | 11 |
| 48. Ново Село | 02 |
| 49. Лозово | 03 |
| 50. Кочани | 32 |
| 51. Македонска Каменица | 14 |
| 52. Берово | 10 |
| 53. Виница | 17 |
| 54. Делчево | 04 |
| 55. Пехчево | 05 |
| 56. Лекарска екипа | 03 |
| 57. Музика | 10 |
| 58. Медиуми | 25 |
| 59. Полицајци | 02 |
| 60. СЗПМ | 45 |
| **ВКУПНО** | **1008** |

## ВКУПЕН БРОЈ НА НЕПОСРЕДНИ УЧЕСНИЦИ СПОРЕД ПОЛОТ

| | |
|---|---|
| Вкупно учествувале | 400 |
| Мажи | 208 |
| Жени | 192 |



# ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2014 ГОДИНА

**Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ
**Бесник Поцеста**, потпретседател на Собрание на СЗПМ
**Методија Тошевски**, потпретседател на ИО на СЗПМ
**Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ
**Здравко Петковски**, претседател на Комисија за спорт на СЗПМ
**Спиро Николовски**, член на ИО на СЗПМ
**Гојко Ефтоски**, претседател на Собрание на ЗП Тетово
**Шабан Азизи,** претседател на ИО на ЗП Тетово
**Фаик Јашари,** претседател на Комисија за спорт на ЗП Тетово

# КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ПРИ СЗПМ

**Здравко Петковски**, претседател
**Спиро Николовски**, ЗП Центар
**Љубица Кузмановска**, ЗП Куманово
**Перо Андов**, ЗП Кавадарци
**Слободан Рафајловски**, ЗП Гостивар
**Иван Дојчиновски**, ЗП Охрид и Дебрца
**Никола Милошески**, ЗП Прилеп
**Лилјана Младеновска**, ЗП Радовиш и Конче
**Борис Грковски**, ЗП Берово



# СУДИИ ПО ДИСЦИПЛИНИ

## Срелаштво

**Иван Дојчиновски** – координатор – Охрид
**Никола Кижовски** – Кичево
**Љубинко Ристов** – Ѓорче Петров
**Новко Петрушевски** – Куманово
**Гога Ангелевски** – ОВР
**Фене Костадиновски** – Охрид

## Шах

**Фаик Јашари** – координатор – Тетово
**Јовче Шојлчевски** – Ресен
**Тодор Миленковски** – Крива Паланка
**Крсте Петров** – Кавадарци
**Димитар Илиевски** – ОВР
**Слободан Михајловски** – ОВР
**Стојан Сандев** – Кочани

## Пикадо

**Спиро Николовски** – координатор – Центар
**Јован Јовановски** – Прилеп
**Трајче Трајанов** – Центар
**Цвета Дупкарска** – Берово
**Надежда Булатовиќ** – Куманово
**Марија Маневска** – Лозово
**Димче Кузмановски** – Тетово

## Тегнење јаже

**Слободан Рафајловски** – координатор
**Петруш Соколов** – Кочани
**Димитар Патаров** – Штип
**Бошко Богдановски** – Тетово
**Стојан Насевски** – Кратово
**Благоја Петковски** – Тафталиџе
**Милан Толов** – Неготино
**Никола Иванов** – Штип
**Стефан Владимиров** – Охрид
**Благоја Ристески** – Прилеп

## Атлетика (трчање, фрлање ѓуле и скок од место

**Љубица Кузмановска** – координатор – Куманово
**Христифор Тодоров** – Тетово
**Илчо Ристовски** – Ресен
**Лазар Лазаров** – Радовиш
**Панде Иванчев** – Струмица
**Петар Спасовски** – Гази Баба
**Иван Цветковски** – Гази Баба

## Тробој мажи, двобој жени

**Перо Андов** – координатор
**Гале Бабаровски** – Гостивар
**Симеон Ѓорѓиевски** – Пробиштип
**Зоран Зафиров** – Гевгелија
**Фидан Павловски** – Македонска Каменица
**Симеон Доклевски** – Тафталиџе
**Ристо Трајкоски** – Охрид

## Табла

**Борис Грковски** – координатор
**Ристо Ангелов** – Делчево
**Живко Петревски** – Прилеп
**Ванчо Србаков** – Радовиш
**Владимир Митрески** – ОВР
**Теохар Палазов** – Гостивар

## Домино

**Лилјана Младеновска** – координатор – Радовиш
**Ѓорѓи Димитровски** – Куманово
**Блажо Соколов** – Кавадарци
**Симеон Ангеловски** – Македонска Каменица
**Мустафа Ќикули** – Дебар
**Ѓорѓи Бехлимов** – Радовиш

## ЦЕНТРАЛНА КОМИСИЈА

1. **Здравко Петковски** – претседател
2. **Љубица Кузмановска** – член
3. **Спиро Николовски** – член

## ПРВ РЕГИОН

# Натпреварување за подобро здравје

На 30–ти мај 2014 година во општината Бутел се одржаа 19–тите регионалните пензионерски спортски натпревари на здруженијата на пензионери од Првиот – скопски регион, а домаќин беше истоименото здружение на пензионери. Добредојде на учесниците и успех во натпреварите најпрво, им посака претседателот на ЗП Бутел, **Љупчо Димовски.**



Во име на организаторот СЗПМ поздравен збор одржа претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски,** при што говореше за значењето на спортските натпревари во подобрувањето на физичката кондиција и здравствената состојба кај членството. Тој рече дека во третата животна доба спортот го јакне телото и духот (во здраво тело – здрав дух) и потсети на познатата мисла на францускиот барон Пиер де Кубертен – важно е да се учествува, а нека победат најдобрите.



Градоначалникот **Петре Латиновски** изрази задоволство што е покровител на оваа средба и што е токму најмладото здружение во, исто така, најмладата општина, домаќин на натпреварите на 402 учесници од 9 здруженија на пензионери од Скопскиот регион. Запознавајќи ги присутните со личната карта на Општината, тој истакна дека и понатаму ќе ги поддржува активностите на пензионерите, ќе отвора нови клубови и ќе се залага за подобар и поквалитетен живот на сите стари лица. Посакувајќи им добро здравје и долг живот на присутните, тој ги прогласи натпреварите за отворени.

Учесниците од здруженијата на пензионери од општините Бутел, Гази Баба, Кисела Вода, Аеродром, Илинден, Центар, Чаир, Шуто Оризари и Воените пензионери се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини во просториите и придружните терени на ресторанот „Олимпија" во населбата Радишани. Поради немање услови за дисциплината стрелање со воздушна пушка, истата беше одржана два дена претходно во Стрелачкиот клуб „Стрелец", во гимназијата „Раде Јовчевски – Корчагин" во Скопје.

На овие натпревари најмногу први места во повеќето спортски дисциплини освои Здружението на пензионери Гази Баба.

Натпреварите завршија во добра организација и примерно однесување на учесниците, а прогласување на победниците и доделување признанија на најдобрите изврши пртседателот на здружението домаќин, Љупчо Димовски. Потоа, за гостите и учесниците беше организирана заедничка средба, а убавата музика создаде расположение и пријатна атмосфера за дружење.

## ВТОР РЕГИОН

# Тетовчани трипати по ред најдобри

На 11 јуни во организација на СЗПМ во прекрасниот амбиент на терените на Езерото Треска се одржаа 19–те регионални пензионерски спортски натпревари од вториот скопски регион, а домаќин беше ЗП на пензионираните работници од ОВР на РМ. Покрај ова здружение активно учество во натпреварите земаа ЗП Карпош, Тафталиџе, Ѓорче Петров, Сарај, Тетово и Гостивар.




Најнапред присутните натпреварувачи и гости ги поздрави домаќинот на овие игри и претседател на ЗП на ОВР, **Спирко Николовски** кој им посака добредојде, фер игри и добра забава.

Во име на СЗПМ претседателот **Драги Аргировски** говореше за значењето на спортските натпревари во третата животна доба, за меѓусебното дружење и забавување.



На присутните, на македонски и на албански јазик им се обрати потпретседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста,** кој го истакна задоволството што на овие средби, како и во другите активности на пензионерите во Сојузот, не се прави разлика ниту по верска ниту по национална припадност. Основна цел на сите е јакнењето на меѓусебните односи и соживотот како пример на младите генерации во чувањето на идентитот и заедништвото во Република Македонија. Потоа во просториите на објектот и околу терените на езерото се одржаа натпреварите во сите 11 дисциплини, во женска и машка конкуренција меѓу претставниците од ЗП при вториот скопски регион. И оваа година вкупни најдобри резултати постигнаа натпреварувачите од ЗП Тетово, но најдобри поединци и од мажите и од жените, како и досега се стрелците со воздушна пушка од ЗП ОВР, како и во дисциплината трчање 60 метри во категоријата жени на возраст до 60 години. Во пикадо од жените најдобра беше претставничката од ЗП Карпош, а од мажите претставникот од ЗП Тафталиџе.

На претставниците, победници во екипна конкуренција, како и на најдобрите поединци им беа врачени пофалници. Прославата на победите и дружењето на сите учесници и гости продолжи во ресторанот Езерце со жива музика. Веселбата ја збогати со своето присуство и учество и познатиот пеач на народни песни, Круме Спасовски.

## ТРЕТ РЕГИОН

# Прилепските пензионери со 13 први места

На 20 јуни во Крушево, „копјата" на спортски план ги вкрстија пензионерите од југозападниот регион. Учествуваа 171 напреварувачи во 11 дисциплини од Битола, Прилеп, Ресен, Демир Хисар и домаќинот, Крушево.



Прв на натпреварувачите им посака убав спортски ден претседателот на ИО на ЗП Крушево, **Никола Николоски**. Дружење и успешни натпревари им посака и потпретседателот на ИО на СЗПМ **Методија Тошевски**, порачувајќи им да победат најдобрите пензионери–спортисти кои ќе добијат виза за учество на годинешната пензионерска спортска олимпијада, на 6 септември во Тетово.



Добредојде им посака и градоначалникот на Крушево д–р **Ѓорѓи Дамчески,** кој натпреварите ги прогласи за отворени, ветувајќи успешна соработка со пензионерската организација.

На спортскиот терен на „Гумење" најпрво натпреварувачите од третата доба се загреваа и ги следеа упатствата и советите на тренерите, а потоа пензионерките и пензионерите под 60 и над 70 години ги покажаа своите способности во трчање на 80 и 60 метри, фрлање ѓуле, тргање јаже, стрелаштво, двобој и тробој, скок од место, шах, табла, пикадо и домино. Бабите и дедовците покажаа дека годините не се важни за да можат да го фрлат ѓулето, да трчаат, да скокаат, да стрелаат...

Најдобри резултати постигнаа прилепските пензинери. На пензионерската олимпијата во Тетово ќе патуваат спортистите пензионери од ЗП Прилеп, кои ги освоија 13 први места меѓу кои, во тргање јаже, стрелаштво со воздушна пушка – пензионерките, во шах пензионерите. Битолчани беа најдобри во стрелаштво и во домино. Во табла прв беше претставникот на ЗП Крушево, а пензионерките домаќинки беа најдобри во шах. Ресенските пензионерки имаа најостро око за пикадо и во домино. На најдобрите им беа доделени дипломи и признанија. ЗП Прилеп го доби пехарот за целосен, највисок пласман. За постигнатите високи реаултати им упати честитки и претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски** во хотелот Монтана Палас, каде продолжи спортското дружење со песна и игра.

## ЧЕТВРТ РЕГИОН

# Охриѓани пак први

Во прекрасната „Зелена Долина" во поречкиот крај, во населбата Самоков во општината Македонски Брод, во околината на хотелот „Поречки бисер" се одржаа 19–тите регионални спортски натпревари од четвртиот регион.



Средбите ги отвори претседателот на здружението домаќин од Македонски Брод **Илија Лазески** кој на учесниците им посака добредојде и пријатен престој.

Од името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, потпретседателот на Собранието на Сојузот, **Бесник Поцеста** на спортистите и на гостите им посака срдечно добредојде при што нагласи дека СЗПМ ги поддржува и помага овие спортски манифестации бидејќи имаат масовен карактер, спортски дух и мултиетнички карактер, што е особено присутно во четвртиот регион, во кој учествуваат пензионери спортисти од сите националности. „Целта на натпреварите е да се дружиме, сплотуваме, спортуваме, а нека победи подобриот."



Пензионерите–спортисти ги поздрави и градоначалникот на Македонски Брод, **Милосим Војнески**, кој покрај топлите поздрави пред присутните говореше и за равојот на општината Македонски Брод.

Потоа Регионалните спортски натпревари градоначалникот ги прогласи за отворени.

На оваа спортска манифестација учествуваа претставници од здруженија на пензионерите од: Македонски Брод како домаќин, Кичево, Охрид, Струга, Вевчани и Дебар.

На 19–тите регионални спортски натпревари најмногу први места освоија спортистите од здружението на пензионери од Охрид и Дебрца.

# ПЕТТИ РЕГИОН

## Спорт, успеси и дружба...

На 05.06.2014 година Богданци беше домаќин на 19–те по ред регионални пензионерски спортски натпревари. Во претпладневните часови центарот на градот го исполнија пензионери од девет здруженија од петтиот регион. Облечени во дресови со разновидни бои и натписи, тие го привлекуваа вниманието. Насекаде се гледаа прегратки, насмевки, ракувања, а капна и по некоја солза.



Во 11 часот во паркот во центарот на градот гостите пензионери ги поздрави претседателот на здружението **Славчо Узунов**. Градоначалничката **Анастасија Олумчева** им се обрати на пензионерите и со топли зборови им посака добредојде. На сите им посака многу здравје, а на натпреварувачите успех и добри резултати.



Регионалните пензионерски спортски натпревари ги отвори секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова**. Пред 330 пензионери таа меѓу другото истакна дека, иако Богданци е мало здружение со 1409 члена, тоа со задоволство се согласи да ги организира спортските натпреваси со условите што ги поседува. Откако ги прогласи натпреварите за отворени, истите започнаа со неверојатни желби на натпреварувачите да се даде максимумот и да се освојат што повеќе поени.

Натпреварите завршија околу 12.30 часот. Пензионерите со своите автобуси се упатија кон Дојран каде дружењето го продолжија во хотел Истатов каде со музика се прославија спортските успеси.

На регионалните пензионерски натпревари во Богданци најдобри се покажаа пензионерите од Кавадарци. Второто место му припадна на ЗП Неготино, а третото на ЗП Велес.

Околу 18 часот пензионерите го напуштија ресторанот со желби догодина пак да се сретнат на некое друго место. Најдобрите во поедини дисциплини ќе учествуваат на републичките пензионерски спортски антпревари во Тетово, кои ќе се одржат на 6 септември.

# ШЕСТИ РЕГИОН

## Фер натпреварување

На 31 мај 2014 година во Злетово се одржа спортско натпреварување на пензионерите од здруженијата на пензионери кои гравитираат кон овој регион. Добредојде на учесниците и на гостите и успех во натпреварувањето на спортистите им посака претседателот на ЗП Злетово **Трајан Пецовски.**



На присутните им се обрати и градоначалникот на Пробиштип **Тони Тоневски,** кој ја истакна добрата соработка на здружението со локалната самоуправа и им посака на учесниците многу први места, добро здравје и долг живот.



Во име на СЗПМ присутните ги поздрави секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова,** која зборуваше за историското минато на ова рударско градче, но и за успесите на Здружението, при што на учесниците им посака многу среќа и успех во натпреварите.

На учесниците им се обрати и претседателот н Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ **Здравко Петковски**, кој нагласи дека треба да има фер борба, да се почитува победникот и да се развива и негува дружењето како значајна компонента во активното и здраво стареење.

На овие игри учествуваа најдобрите спортисти од здруженијата на пензионери од Злетово, Пробиштип, Куманово, Крива Паланка и Кратово, кои се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини. Најдобри резултати постигнаа натпреварувачите од ЗП Куманово со освоени 13 први места, додека Пробиштип освои 6 први места, Крива Паланка, Злетово и Кратово по едно прво место.

Натпреварите протекоа во примерна организација, а учесниците се натпреваруваа со голем ентузијазам и постигнаа приближно исти резулати, а победниците само за нијанси се разликуваа. Посебна заслуга за успешноста имаат и домаќините кои обезбедија солидни услови за натпревар и дочек на учесниците. На крајот беа доделени признанија на најдобрите натпреварувачи, а сите учесници подолго се дружеа во модерниот ресторан „Црешово топче” во Пробиштип.

## СЕДМИ РЕГИОН

# Пензионерите се натпреваруваа како да се млади



На 19–тите регионални пензионерски спортски натпревари од седмиот регион, во организација на СЗПМ и Комисијата за спорт и рекреација, оваа година домаќин беше Здружението на пензионери од Свети Николе. Во прекрасниот сончев ден на 22–ри мај,својот спортски дух и подготвеноста ги покажаа пензионерите од ЗП Штип, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Лозово, ЗП Ново Село, ЗП Струмица и ЗП Свети Николе.



Во ресторанот „Лотос" во Свети Николе, претседателот на Здружението – домаќин, **Мирко Данаилов**, им упати добредојде на присутните, а на учесниците на натпреварот им посака успешни и фер натпревари.

Спортистите–пензионери ги поздрави и Градоначалникот **Зоран Тасев** кој изрази почит кон оние кои го дадоа својот придонес во изградбата на својата земја и вети дека и понатаму ќе се грижи за граѓаните од трето доба,и секогаш ќе им помога во сите активности, посакувајќи им добро здравје и убава забава.

**Станка Трајкова**, секретар на СЗПМ со убави зборови ги поздрави сите присутни посакувајќи им на учесниците фер и успешни натпревари, истакнувајќи притоа дека во натпреварите секогаш има победници и поразени, но најважно е дружењето и создавањето нови пријателства. На крај, од своето обраќање таа ги прогласи за отворени 19 – тите Регионалните спортски игри во Свети Николе.

Домаќинот на Регионалните спортски игри во Свети Николе подготви добри спортски терени. На нив се одвиваше интересна борба во сите 11 дисциплини, а многу учесници покажаа амбиции за да постигнат што подобри резултати. Околу 250 пензионери се дружеа во Свети Николе, а натпреварувачита се однесуваа како да имаат 30, а не над 60 години. Според постигнатите резултати најдобри беа спортистите од ЗП Радовиш и Конче, на второ место беа учесниците од ЗП Штип и Карбинци и на трето место се пласираа натпреварувачите од ЗП Струмица.

На екипите благодарници им врачи Никола Атанасов, претседател на Собрание на ЗП Свети Николе.

По завршувањето на наптреварувачкиот дел сите продолжија со дружење во веќе познатиот ресторан „Илинден" во с. Црнилиште во близина на Свети Николе.

## ОСМИ РЕГИОН

# Најмногу победи за Кочанчани



Здружението на пензионери од општина Берово беше домаќин на 19–ти Регионални пензионерски спортски натпревари. На натпреварите настапија пензионери од здруженијата од Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и Берово. Учесниците се натпреваруваа во 11 дисциплини: стрелање со воздушна пушка, пикадо, влечење јаже, трчање, скокод место (мажи), фрлање ѓуле, тробој, двобој, шах, домино и табла.



Игрите за отворени ги прогласи градоначалникот на општина Берово **Драги Наџински**, посакувајќи им на натпреварувачите фер натпревар, а пред се добро забавување.

Поздравувајќи го собирот потпретседателот на ИО на СЗПМ **Методија Тошевски** укажа на сè поголемото интересирање на пензионерите за спортување и другарување и за постигнатите резултати.

Најголем број признанија освоија пензионерите од ЗП Кочани, а по нив се пласираа Македонска Каменица, Берово и други.

Куриозитет беше настапот на најстариот пензионер учесник на натпреварите Глигор Радински, кој има 86 години и го освои второто место во дисциплината домино. Тој вели дека пензионер е многу одамна, но ова е негов прв настап на пензионерските спортски натпревари. За учеството не се подготвувал бидејќи доминото е негова секојдневна рекреација во беровскиот пензионерски дом.

# 1714 натпреварувачи на регионалните спортски пензионерски натпревари

Годинашниве 19-ти регионални спортски натпревари и игри организирани и координирани од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, се одржаа од 22.5.2014 до 21.6.2014 година, по следниот редослед:

На 22.5.2014 година, натпреварот се одржа во 7-от регион на кој домаќин беше ЗП Свети Николе. За атлетските дисциплини и за стрелаштво со воздушна пушка се одржа на Градскиот стадион, а за салонските дисциплини во Клубот на пензионерите.

На 30.5.2014 година, натпревар се одржа во првиот регион на кој домаќин беше ЗП Бутел. Натпреварите во салонските дисциплини се одржаа во просториите на ресторанот „Олимпија" во Радишани, а атлетските дисциплини во непосредна близина на ресторанот покрај реката Серава. На 31.5.2014 година, натпревар се одржа во шестиот регион а домаќин беше ЗП Злетово. Натпреварите се одржаа во просториите на Основното училиште „Браќа Миладиновци" и во непосредната близина на училиштето. На 5. 6. 2014 година, натпревар се одржа во петиот регион на кој домаќин беше ЗП Богданци. Натпреварите во салонските спортски дисциплини се одржаа во затворени простории на повеќе локации во непосредна близина на Здружението. Атлетските дисциплини се организираа во Спортскиот центар. На 11.6.2014 година, натпревар се одржа во вториот регион а домаќин беше ЗП ОВР. Натпреваротот се одвиваше во Спортскиот центар „Езеро Треска" кој има идеални услови за ваков вид спортски натпревари. На 14.6.2014 година, натпревар се одржа во осмиот регион на кој домаќин беше ЗП Берово. Натпреварите во салонските дисциплини беа во Домот на пензионерите, додека атлетските дисциплини и стрелањето со воздушна пушка на терените на Градскиот стадион. На 18.6.2014 година, натпревар се одржа во четвртиот регион а домаќин беше ЗП Македонски Брод, на терените на фабриката „Сувенир" и во хотелот „Сувенири". На 21.6.2014 година, натпревар се одржа во третиот регион со домаќинот ЗП Крушево. Спортските натпревари во салонските дисциплини се одвиваа во просториите на хотелот „Монтана", а атлетските дисциплини и стрелаштвото на спортските терени Гумење.




На сите натпревари присуствуваа членови од непосредното раководство на СЗПМ, како и градоначалниците и членови на локалната самоуправа.











На годинашниве 19–ти по ред спортски натпревари непосредно учество имаа рекорден број на здруженија 55, од кои 53 старосни и 2 инвалидски здруженија, членки на СЗПМ со 1714 натпреварувачи од кои 1047 во машка и 667 во женска конкуренција. Право на настап на Републичките натпревари кои ќе се одржат во септември во Тетово, обезбедија голем број здруженија: 47. Во споредба со претходните години бројот на натпреварувачи по сите параметри се зголемува, што претставува добар знак дека бројот на пензионерите што сакаат да се бават со спорт и спортски активности е постојано во пораст како програмска цел на СЗПМ.

Од вкупниот број на 1714 натпреварувачи кои учествуваа на регионалните спортски натпревари, 400 обезбедија право на настап на Републичките натпревари и тоа: 208 во машка и 192 натпреварувачи во женска конкуренција. Покрај натпреварувачите на регионалните спортски натпревари по сите основи беа присутни уште 578 или вкупно се натпреваруваа и се дружеа 2292 пензионери. Ако се има предвид дека максималниот можен број на натпреварувачи на регионалните спортски натпревари изнесува 2750, се наметнува заклучокот дека има простор за уште поголема активност, особено кај побројните здруженија на пензионерите кои недоволно се активни на спортски план. Помалите здруженија покажаа дека и тие можат да бидат добри организатори и домаќини на регионалните натпревари.

На крајот, потребно е да се истакне дека на овие натпревари во еден подолг временски период му претходеле подготовки внатре во здруженијата по ограноци, каде што се организираа селективни – квалификациони натпревари за обезбедување екипи за учество на регионалните натпревари. Така се доаѓа до сознание дека во подолг период од два до три месеци раздвижени се или се активни на спортски план голем број на пензионери по сите основи.

Исто така, треба да се истакне дека покрај натпреварувањето битно е и меѓусебното дружење и ширењето познанства, што е и една од главните цели на овие натпревари. Со еден збор, на сите натпревари се чувствуваше сплотеност меѓу натпреварувачите, независно од кое здружение или од кој регион доаѓаат. Резултатите и постигањата беа заеднички успех на сите и на Сојузот во целина.

**Здравко Петковски**
**Претседател на Комисија за спорт и рекреација на СЗПМ**





















СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Информативен билтен

Специјално издание

# СЗПМ

# XIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ

МТСП ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

комерцијална банка ад скопје





**КОМПЛЕКС ”ТЕТЕКС“ - ТЕТОВО**

**6 СЕПТЕМВРИ 2014**